# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 101 став (3) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПОМОШ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС НА ПОМОШТА, НАЧИН ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОМОШТА, СУБЈЕКТИТЕ КОИ ИМААТ ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО ПОСТАПКАТА, КАКО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските критериуми за доделување помош за обезбедување на техничка поддршка во земјоделството, максималниот износ на помошта, начин за доделување на помошта, субјектите кои имаат право на учество во постапката, како и потребната документација.

### Член 2

Поблиските критериуми за доделување помош за обезбедување на техничка поддршка во земјоделството за реализација на мерка 6 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделство за 2011 година и максималните износи на помошта според намени се:

| | Вид на помош | Поблиски критериуми | Максимален износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Помош за организирање на програми за обука и патни и дневни трошоци на учесниците | - според поднесена програма за обука во 2011 година со активности<br>- претходно искуство во реализација на обуката со значење за целната група на крајни корисници на поддршката<br>-сопствено или учество на други извори на финансирање | за спроведена обука до 200.000,00 денари |
| 2. | Помош за истражување и консултантски услуги за изработка на предлог проекти, студии и стратешки документи | -реални и применливи резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој на земјоделството<br>-директно и индиректно влијание на поголем број субјекти во областа на земјоделството<br>-одржливост по реализација на поддршката | за ангажирање на експерти и трошоци за истражувања до 200.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Помош за инвестициони вложувања кои не се поддржуваат преку мерките за поддршка на земјоделството за реализација на апликативни и базични научно-истражувачки проекти | -реални и применливи резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој на земјоделството<br>-директно и индиректно влијание на поголем број субјекти во областа на земјоделството<br>-сопствено или учество на други извори на финансирање<br>-одржливост по реализација на поддршката | до 350.000,00 денари по проект |
| 4. | Помош за активности на национални и регионални здруженија на земјоделски производители согласно со годишна програма за работа | -здружување на корисниците на поддршката во национални и регионални здруженија на земјоделски производители<br>-директно и индиректно влијание на поголем број субјекти во областа на земјоделството | до 100.000,00 денари по здружение |
| 5. | Помош за награди, пропаганден материјал, закуп на простор и промоција за организирање на манифестации и саеми | -реални и применливи резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој на земјоделството<br>-директно и индиректно влијание на поголем број субјекти во областа на земјоделството<br>-сопствено или учество на други извори на финансирање | До 300 000,00 денари за:<br>-Денови на тутунот-Прилеп;<br>-Денови на овчарство, Маврово<br>До 250 000,00 денари за:<br>-Гроздобер Кавадарци<br>До 200 000,00 денари за:<br>-Фестивал за органска храна;<br>-Најуспешни земјоделци во Република Македонија;<br>-Ден на празот, Василево;<br>-Преспански јаболкобер, Ресен;<br>-Државен натпревар на тракторististите во Република Македонија;<br>До 150 000,00 денари за:<br>-Денови на кочанскиот ориз,Кочани;<br>-Денови на пченицата;<br>-Денови на македонскиот мед,Скопје;<br>-Дени на органско земјоделско производство,Скопје;<br>-Св.Трифун, Неготино;<br>До 60 000,00 денари за помали регионални манифестации |
| 6. | Помош за учество, закуп на простор, патни и трошоци за сместување и трошоци за пропаганден материјал за учество на земјоделски производители на саемски манифестации и саеми како изложувачи | -сопствено или учество на други извори на финансирање<br>-директно и индиректно влијание на поголем број субјекти во областа на земјоделството<br>-здружување на корисниците на поддршката, јавно-приватно партнерство, или други форми на партнерство со поголем број на корисници | до 150.000,00 ден/изложувач |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Помош за подготовка и објавување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали и публикации | -реални и применливи резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој на земјоделството<br>-директно и индиректно влијание на поголем број субјекти во областа на земјоделството<br>-сопствено или учество на други извори на финансирање | до 100.000,00 денари за подготовка, дизајн и печатење на публикациите |
| 8. | Помош за подготовка и реализација на национална кампања за промоција на органското земјоделско производство | -директно и индиректно влијание на поголем број субјекти во областа на земјоделството<br>-претходно искуство во реализација на активности од значење за целната група на крајни корисници на поддршката<br>-реални и применливи резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој на земјоделството | -прифатливи трошоци за одржување на трибини, изработка на рекламен спот, флаери и други материјални трошоци за спроведување на кампањата во максимален износ од 2 000 000,00 денари |
| 9 | Помош за организирање на меѓународна конференција на експерти за органско земјоделство во медитеранскиот регион | -директно и индиректно влијание на поголем број субјекти во областа на земјоделството<br>-реални и применливи резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој на земјоделството | 180 000,00 |

## Член 3

Средствата од член 2 точки 1., 2., 3., 4, 6. и 7. на овој правилник ќе се реализираат со јавен повик.

Средствата од член 2 точка 5. на овој правилник ќе се реализираат со договор меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и барателот на помошта.

Средствата од член 2 точки 8. и 9. на овој правилник ќе се реализираат со јавна набавка.

## Член 4

Постапката за избор на корисници ја спроведува комисија формирана од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство која врз основа на објавените јавни повици и условите во нив, составува записник за отворање на апликациите, записник за евалуирање на апликациите и записник за избрани корисници со висина на одобрената поддршка.

Изборот на понудите за намените од член 2 точки 1., 2., 3., 4, 6. и 7 на овој правилник ќе се изврши врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:

| Критериум | Бод |
|---|---|
| Реалните и применливите резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој на земјоделство и руралниот развој | 30 |
| Директно и индиректно влијание на поголем број на субјекти од областа на земјоделството | 15 |
| Здружувања на корисниците на поддршката, јавно-приватно партнерство или други форми на парнерство со поголем број на корисници | 15 |
| Одржливост после реализацијата на поддршката | 15 |
| Претходно искуство во реализација на активностите од значење за целната група на крајни корисници на поддршката | 15 |
| Сопствено или учество од други извори на финансирање | 10 |

Како прифатливи се понудите кои после евалуацијата од страна на комисијата од член

4 став 1 на овој правилник ќе освојат повеќе од 50 бода.

Помошта за намените од член 2 точки 1, 2., 3., 4, 6. и 7. на овој правилник ќе биде дефинирана со договори потпишани со избраните корисници на средствата од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, врз основа на записник за избрани корисници на комисијата од став 1 на овој член.

Реализацијата на поднесените проекти може да биде во фази во текот на повеќе од една, но не повеќе од три години. За повеќефазните проекти се поднесуваат одделни барања за финансиска поддршка секоја последователна година. Добиената поддршка за првата фаза не значи автоматско одобрување на проектот во следните фази.

**Член 5**

Право на учество на јавниот повик од член 3 став 1 на овој правилник имаат субјекти од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството (земјоделски стопанства, здруженија на граѓани и фондации, јавни научни и образовна установи, или институции) и тоа:

- за намените од член 2 точки 1, 4, 6 и 7 на овој правилник се здруженија на граѓани и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации, поголеми форми на здружување на земјоделците како здруженија на граѓани и фондации на национално, пошироко

регионално и под-секторско или кластерско ниво и партнерство помеѓу погоре споменатите организациони форми на корисници;

- за намените од член 2 точки 1, 2, 3 и 7 на овој правилник се јавни научни установи и самостојни научни работници согласно Законот за научно истражувачка дејност, образовна институција или установа која ги исполнува условите согласно Законот за високото образование, Законот за средното образование, Законот за стручното образование и обука и Законот за образование на возрасните;

- за намените од член 2 точките 1, 2, 6 и 7 на овој правилник се Правни лица регистрирани согласно Законот за трговски друштва (особено основани од здруженија) и Законот за задругите кои:

- извршуваат консултантски услуги,

- произведуваат примарни земјоделски производи,

- преработуваат земјоделски производи.

**Член 6**

Субјектите од член 5 на овој правилник барање за користење на помош за намените од член 2 точки 1, 2., 3., 4, 6. и 7. на овој правилник доставуваат на образец кој е даден во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Кон барањето од став 1 на овој член се приложуваат и следните документи:

1. Тековна состојба од Централен регистер на Република Македонија;

2. Изјава дека за иста намена и активности наведени во барањето не користел средства од друг орган на државна управа или други извори што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори;

3. Препораки или други докази за претходна имплементација или учество во успешно реализирани проекти и програми според точка III2 од Барањето;

4. За апликантите правни лица: Потврда за евиденција во Единствениот регистер на земјоделски стопанства (ако се занимаваат со примарно земјоделско производство); Доказ од Централен регистер дека не е поведена стечајна и ликвидациона постапка; и доказ од Управа за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки.

5. Поголеми форми на здружување на земјоделците приложуваат и годишна програма за работа на организацијата за 2011 година со вклучени активности за кои се бара кофинансирање.

6. Апликантите за намените од член 2 точка 6. на овој правилник пред исплатата на средствата треба да достават доказ за платени трошоци за кои поднесуваат барање.

**Член 7**

Исплатата на помошта по корисници за намените од член 2 точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 на овој правилник се врши двократно и тоа: авансно 50% од вкупната сума и 50% по завршување на проектот и достава на финансиски извештај и за намената од член 2 точка 5 на овој правилник авансно 70% од вкупната сума и 30% по завршување на манифестацијата и доставен финансиски извештај.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-1231/1
9 февруари 2011 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.

ПРИЛОГ

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# Б А Р А Њ Е

**за доделување помош за обезбедување на техничка поддршка во земјоделството од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2011 година**

**I. ВИД НА ПОМОШ КОЈА СЕ БАРА** (да се заокружи точката):

| Намена | Вид на помош |
|---|---|
| 1. | Помош за организирање на програми за обука и патни и дневни трошоци на учесниците |
| 2. | Помош за истражување и консултантски услуги за изработка на предлог проекти, студии и стратешки документи |
| 3. | Помош за инвестициони вложувања кои не се поддржуваат преку мерките за поддршка на земјоделството за реализација на апликативни и базични научно-истражувачки проекти |
| 4. | Помош за активности на национални и регионални здруженија на земјоделски производители согласно со годишна програма за работа |
| 6. | Помош за учество, закуп на простор, патни и трошоци за сместување и трошоци за пропаганден материјал за учество на земјоделски производители на саемски манифестации и саеми како изложувачи |
| 7. | Помош за подготовка и објавување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали и публикации |

**II. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДЛАГАЧОТ/ АПЛИКАНТОТ**

**НАЗИВ НА АПЛИКАНТОТ:**

**ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:**
Адреса:
Телефон/факс: ____________________ E-mail: ________________________

**РАКОВОДИТЕЛ НА ИНСТИТУЦИЈАТА**
Име и презиме Потпис

**ОДГОВОРНО ЛИЦЕ**
Име и презиме Потпис

**ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ – ПАРТНЕРИ:**

**ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ:** ______________ М П

## II. КРАТКА СОДРЖИНА НА ПРЕДЛОГОТ

На не повеќе од една страна да се набројат целите кои треба да се постигнат со проектот, очекувани резултати, активности за секој од резултатите, времетраење на проектот (почеток и крај) и бараниот износ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2011 година.

## III. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ – ВОВЕДНИ ИНФОРМАЦИИ

1. **ОПИС НА СОСТОЈБАТА И ПРОБЛЕМИТЕ КОИ СЕ ПРИЧИНА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ**

2. **ПРЕГЛЕД НА ДОСЕГАШНИ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ НА АПЛИКАНТОТ ВО ОБЛАСТА НА АПЛИЦИРАЊЕ, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ИЛИ УЧЕСТВО ВО УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И ПРОГРАМИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЦЕЛНАТА ГРУПА** (да се направи хронолошки преглед на досегашните проекти со краток опис на активностите, времетраењето, начин на учество на апликантот во проектот, извор на финасирање и износи на проектите)

## IV. УСОГЛАСЕНОСТ И ПОВРЗАНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ СО СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ И ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПОЛИТИКИТЕ НА ЕУ

3. **ОПИС НА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ СО ЦЕЛИТЕ НА ВЛАДАТА НА НАЦИОНАЛНО НИВО, ОДНОСНО НА ЦЕЛИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЛОКАЛНО НИВО (СО ПОВРЗУВАЊЕ СО КОНКРЕТНИ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ: НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ 2007-2013 ГОДИНА, ПРИОРИТЕТИ ОД НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ЗАКОНОДАВСТВТО НА ЕУ (НПАА) ЗА 2011 ГОДИНА, СТРАТЕГИИ ЗА ЛЕР И СЛ.) И/ИЛИ ДРУГИ ПОЛИТИКИ НА МЗШВ**

4. **ПОВРЗАНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ СО ДРУГИ ПРОЕКТИ, ОБЛАСТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

## V. ОПИС НА ПРЕДЛОГОТ

5. **ЦЕЛИ**

6. **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ СО КВАНТИФИЦИРАНИ ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊЕТО НА ЦЕЛИТЕ (ЗА СЕКОЈ ОД ЦЕЛИТЕ)**

7. **ВРЕМЕНСКА РАМКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА (ПОЧЕТОК И КРАЈ)**

8. **ПЛАН НА АКТИВНОСТИ СО ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ, МЕТОДОЛОГИЈА, И ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЕКОЈА ФАЗА (да се прикаже одделно по фази – години особено за 2009 година)**

| Активност | Очекуван резултат – оутпут од активноста | Временска рамка (од – до) | Придонес кон остварување на наведените цели од точка 5 (која цел(и)) |
|---|---|---|---|

9. **СТРУКТУРА И ПРОЦЕДУРИ НА УПРАВУВАЊЕ И АДМИНИСТРАЦИЈА**

## VI. ВЛИЈАНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ

10. **ОДРЖЛИВОСТ НА ПРЕДЛОГОТ ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕ НА КОФИНАНСИРАЊЕ ОД СТРАНА НА МЗШВ**

11. **ЦЕЛНА ГРУПА, БРОЈ И ОПИС НА ДИРЕКТНИ И ИНДИРЕКТНИ КОРИСНИЦИ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ, НАЧИН НА ПРЕНЕСУВАЊЕ И ПРИМЕНА НА РЕЗУЛТАТИТЕ И ОЧЕКУВАНИТЕ ЕФЕКТИ ЗА КРАЈНИТЕ КОРИСНИЦИ**

12. **ВЛИЈАНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ КОН ЗАШТИТАТА И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА И РАБОТНА ОКОЛИНА, ОДНОСНО КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА ЦЕЛНАТА ГРУПА**

## VII. БУЏЕТ НА ПРЕДЛОГОТ

**Во една табела да се прикажат трошоците најмалку по следниве трошковните ставки:**

**1.Хоризонтални ставки – опис на трошоци:**

- Трошоци за ангажирани експерти (број на експерти, број на денови и висина на дневница)
- Набавка на основни средства (опрема, механизација, објекти, и сл.)
- Трошоци за услуги (техничка поддршка, софтвер, обуки, и сл.)
- Набавка на обртни средства
- Материјални трошоци за имплементација на проектот
- Друго (да се дополни доколку не е опфатено со погоре даденети ставки).

**2. Вертикални ставки - според извори на средства:**

- Сопствено учество на апликантот
- Учество на партнерите
- Останати извори на финансирање (да се наведат секој поединечно)
- Средства кои се бараат од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството во 2011 година

**Буџетското барање треба да се прикаже по фази – години одделно.**